**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Академија за обука на судии и јавни обвинители**
**и нивни заменици на Република Македонија**

# ИЗВЕШТАЈ

# за работата на
# Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија
# за 2008 година

Академијата  е јавна установа основана со Законот за Академија на судии и јавни обивнители (Сл.весник на РМ бр.13 од 01.02.2006 година), со свои вработени, простории, буџет и е управувана од страна на Управниот одбор на Академијата. Функционално започна со работа во ноември 2006 година.

Целосното функционирање на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (подолу Академијата) и преземените активности на планот на почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители и континуираната обука на судиите и јавните обвинители и другите целни групи, претставува спроведување на еден од приоритетите на правосудните реформи во Република Македонија во правец на јакнење на неговата компетентност, професионалност и независност, како значаен предуслов и критериум за отпочнување на преговорите на Република Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија.

**Во текот на 2008 година во целост се реализирани предвидените приоритети и цели согласно со Програмата НПАА на Владата на РМ, како и Програмата за работа на Академијата, подготвена од директорот на Академијата, за 2008 година усвоена од Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 28 февруари 2008 година.**

## I. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### 1. ВРАБОТУВАЊА

Во насока на институционалното зајакнување, кадровското екипирање и јакнењето на административните капацитети на Академијата, во текот на 2008 година беа реализирани сите 5 вработувања предвидени согласно со Програмата НПАА на Владата на РМ.

Во моментов, Стручната служба на Академијата брои 14 постојано вработени лица, 5 привремено вработени и 2 волонтери**.**

## 2. ЈАВНИ НАБАВКИ И ПОДГОТОВКИ ЗА ПРОСТОРНО ПРОШИРУВАЊЕ

Во рамките на реализирање на инвестициската програма и средствата од буџетот за 2008 година, Академијата во текот на 2008 година спроведе 15 постапки за јавни набавки со или без објавување на оглас.

**Академијата е вклучена во користење на ИПА-фондовите со одобрени средства за зајакнување на институционалните капацитети на Академијата, кои ќе започнат да се користат во 2010 година**.

Со нив се предвидува:

- Создавање на три регионални центри на обука опремени со соодветна тренинг и ИТ-опрема во Битола, Гостивар и во Штип;
- Развивање на систем на далечинско учење и мрежни можности;
- Набавка на правни публикации за библиотеката на Академијата од Македонија, но и од државите членки на ЕУ и претплата на најважните правни ревии и бази на податоци во Европа;
- Специјализирани обуки за судии, обвинители, извршители и професионалци кои работат во социјалниот сектор и воспитните установи за малолетничка правда;
- Обука на судската администрација и на судиите за новиот систем на менаџирање на предмети.

Во правец на проширување на постојните просторни капацитети на Академијата, кои за секојдневното одвивање на почетната обука како и на континуираната обука кои се покажаа претесни беше изготвена физибилити студија за нови просторни решенија за Академијата, согласно со која рамковно се утврдени потребите кои би се решиле со адаптирање или изградба на зграда со доволен простор за вработените, за почетната обука на кандидатите (за учење, спорт, одмор, сала со компјутери за сите кандидати со Интернет-пристап, за работа во групи, симулирани судења, амфитеатар, кабинети за едукаторите).

Потребата од повеќе сали се чини финансиски оправдана и со оглед на законската можност да остварува Академијата приходи и со обука на други целни групи (нотари, адвокати, медијатори, извршители со партиципација со котизација, кога ќе заврши теоретската настава од 5 месеци).

## 3. БУЏЕТ

Академијата ја започна 2008 година со одобрен буџет во износ од 27.132.000,00 денари, кој е за 25% намален во однос на 2007 и како таков недоволен за регуларно извршување на планираните активности, од причина што, во 2008 година Академијата започна со целосен капацитет на активностите, а со тоа и со голем обем на обврски поради паралелното одвивање на почетна обука на две генерации и секојдневните активности во континуираната обука во сите три апелациони подрачја. Поради тоа, потребно е во иднина да не доаѓа до намалување на буџетот на Академијата.

Со одборениот буџет за 2009 година, повторно е намален буџетот на Академијата и изнесува 31.133.000,оо денари што ќе предизвика потреба од дополнително одобрување на средства со ребаланс на буџетот.

На барање на Академијата, од страна на Министерството за финансии со одобрениот ребаланс на буџетот беа одобрени дополнителни средства во износ од 5.400.000,00 денари, кои овозможија да се реализираат сите обврски кон менторите, координаторите и едукаторите.

**Институцијата на крајот на 2008 година постигна 98% реализација на одобрените годишни средства.**

Во текот на 2008 година во Академијата беше спроведена ревизиска контрола од страна на Државниот завод за ревизија. Конечниот извештај од извршената контрола беше доставен на 04 септември 2008 година и според истиот работењето на Академијата е оценето како добро без констатирање на недостатоци во работењето

## 4. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (ИТ)

Во текот на 2008 година се реализираше набавката за дизајн, развој и имплементација на софтверско решение за потребите на Академијата. Преку овој софтвер, кој ќе претставува портал на Академијата, ќе се води комплетна база на податоци за учесниците во почетната обука и континуираната обука, ќе се води запис за сите одвивани активности, така што сите учесници, едукаторите и менторите, ќе имаат пристап до сите информации кои се однесуваат на нив, но со одредени привилегии за пристап. Истовремено, во софтверското решение е имплементирана и платформа е-учење (e-learning), која овозможува учење на далечина (distance learning).

Набавката на потребниот хардвер за имплементација на софтверското решение е еден од приоритетите на Академијата во текот на 2009 година, за кој се обезбедени средства од новиот буџет.

Во текот на 2008 година, Академијата набави 7 преносни компјутери, од кои два преку проекти со Норвешката амбасада, УНИЦЕФ, а останатите пет со средства од буџетот на Академијата. Академијата има перманентен АДСЛ Интернет-пристап, преку Македонски телеком а.д. Скопје.

Академијата изготви програма за пилот курс за далечинско учење (e-learning) на македонски јазик за член 6 од Европската конвенција која е хостирана на интернет страницата на Советот на Европа во делот кој се однесува на HELP Програмата.

## 5. БИБЛИОТЕКА

Академијата за обука на судии и јавни обвинители го збогати библиотечниот фонд со нови книги и законски текстови со донации и со својот буџет. Во текот на 2008 година, беше овозможено вработување на библиотекар кој со помош на експертот на КАРДС 2004, ја уреди библиотеката согласно со ЕУ-стандардите во библиотечното работење и посетуваше и обука со цел да се оспособи за примена на најновите достигнувања од областа на електронското библиотечно работење и пребарување на база на податоци, како и подготовка на публикации, а со цел Академијата веќе идната година да почне со издавање на свои публикации.

Академијата е во очекување за вклучување во системот COBISS, кој претставува организациски модел за поврзување на библиотеките во библиотечно–информациски систем, кој ќе овозможи обработка на сите видови библиотечен материјал според меѓународни стандарди и преземање на записите од која било заемна база на податоци COBIB и од каталогот OCLC, а се планира и можноста за преземање на библиографски записи од некои од заемните каталози во Европа и САД.

### 6. ЈАКНЕЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ПРЕКУ ОБУКИ

Во текот на 2008 година, директорот и извршниот директор на Академијата, а исто така и работната служба учествуваа на обуки насочени кон градење на капацитетите за дизајнирање и развој на курикулумите за обука, менаџирање, буџетирање и за стратешко планирање, при што истите остварија 11 работни посети во странство со присуство на состаноци и конференции, 5 конференции и обуки во странство и 10 домашни обуки.

## II. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Во Управниот одбор на Академијата, кој е составен од 11 члена, по функција членуваат претседателот на Судскиот совет на РМ, претседателот на Врховниот суд на РМ, јавниот обвинител на РМ и министерот за правда на РМ, како и други 6 членови, истакнати судии и јавни обвинители предложени од институциите застапени во Управниот одбор и тоа од Колегиумот на Јавното обвинителство на РМ, Советот на јавни обвинители, Здружението на судии на РМ и Здружението на јавни обвинители на РМ и Министерството за правда.



-седница на Управен одбор-

Во текот на 2008 година беа одржани **десет седници** на Управниот одбор на Академијата на кои се разгледуваа и утврдуваа прашања од неговиот делокруг.

Во текот на 2008 година, Управниот одбор ја усвои целата предвидена и планирана регулатива за 2008 година, согласно со Законот и Статутот на Академијата, и тоа сите предвидени општи акти, програми и извештаи потребни за остварување на

дејностите на Академијата за 2008 година и тоа 8 општи и специјализирани програми за обуки (за почетна и континуирана обука), како и 10 правилници кои го регулираат одвивањето на почетната и континуираната обука, како и други програми и општи акти неопходни за работењето на институцијата.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2008 год., членовите на Програмскиот совет како стручен орган на Академијата креираа и утврдуваа предлози на програми за обука, како во делот на почетната обука, така и во делот на постојаното стручно усовршување. На седниците на Советот со кои претседава директорот, а учествува и Извршниот директор беа донесени 7 програми за обука, кои беа усвоени од страна на Управниот одбор во целост. Во зависност од специјализираноста на програмата, во работата на овој Совет учествуваа и едукатори, истакнати професори, видни експерти од соодветната област. Програмскиот совет е составен од искусни професионалци практичари, кои, со своето знаење и искуство, но и со учество во разни работни групи за изработка на закони, во стручни, научни и професионални расправи, но и со непосредно и директно учество при реализирањето на програмите за обука како едукатори, даваат значаен придонес за креирање на програми кои се во тек со сите актуелни потреби за обука и европските стандарди и програмски содржини.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ И НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2008 година, директорот како раководен, а извршниот директор како извршен орган на Академијата ги извршуваа активностите согласно со овластувањата во Законот, Статутот и со општите акти на Академијата, а извршниот директор и согласно со овластувањата пренесени од директорот, а со цел за остварување на сите нејзини дејности и планирани активности и нормалното секојдневно функционирање.

Истите го организираат спроведувањето на почетната и континуираната обука, ја координираат соработката на органите на Академијата со домашните институции, органи и НВО, контактите со едукаторските и менторските тимови, работат на подготовка и ажурирање на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, потребните извештаи за реализирање на преземени обврски за обука согласно со програмите и акционите планови на одделни државни органи, институции и организации, ги договараат проектите со странските и домашните донатори, примаат делегации, организираат и раководат со меѓународната соработка за домашните судии и обвинители и за Судскиот совет и за Управниот суд на РМ.

Истите се членови на повеќе работни групи и комисии при Владата на РМ, Министерството за правда и другите министерства и државни органи за изработка на закони, програми за обуки, национални стратегии, како и на работни групи при одделни меѓународни организации во РМ, како и при невладиниот сектор.

Во рамките на меѓународната соработка со школите за обука на судии и јавни обвинители во организација на Академијата за органите на Академијата и за претставници на другите правосудни органи во РМ, беа остварени посети на Школата за обука на правосудството во Лисабон, Португалија, на Косовскиот правосуден институт во Република Косово, на Школата за магистрати и Високиот совет на правдата на Република

Албанија, на Високиот судско-обвинителски совет на БиХ, на Управниот суд во Лион, Франција, на Правосудниот центар за обука на судии на Република Србија.

Директорот и извршниот директор во текот на 2008 година учествуваа на сите редовни и пленарни седници на меѓународните мрежи за обука - Европската мрежа за судска обука (EJTH) и Лисабонската мрежа на Советот на Европа, активно учествуваат во работните групи на истите, во програмата ХЕЛП, соработуваат со други органи и тела на Советот на Европа, учествуваа на состаноците на експерти на Европската комисија за едукација на судии на Поткомитетот за правда, слобода и сигурност на Европската унија во Брисел, а директорот како долгогодишен судија е член на работната група на Консултативниот совет на европските судии КСЕС (Совет на Европа) и учествува на неговите работни состаноци и пленарна седница.

## РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата, во текот на 2008 година, иако недоволно екипирана, под водство на своите раководители, со максимална ангажираност и посветеност, во целост ги оствариja задачите предвидени за секое од работните места согласно со Правилникот за систематизација. Со тоа пружија целосна поддршка и дадоа значителен придонес во остварувањето на сите планирани и зацртани цели и активности на органите и телата на Академијата и за нејзино институционално зацврстување. Работната служба работеше на остварувањето на сите сегменти од дејностите на Академијата, почнувајќи од нејзината основна дејност, спроведувањето на сите Програми за обука, техничка и логистичка поддршка на кандидатите на почетна обука, едукаторите и менторите при реализација на планираниот распоред на часови во почетната обука и на секој спроведен семинар во континуираната обука, логистичка поддршка при организирање на студиските посети, приеми на делегации, протоколарни работи, вработувањето, јавните набавки, реализацијата на буџетот, одржувањето и развојот на ИТ-опремата и други активности насочени кон овозможување на нормалното секојдневно функционирање, но и натамошен развој на Академијата. Особен акцент беше нагласен на обуката на стручната служба од областите на нивното работење со цел за натамошно јакнење и унапредување на нивните способности, работни вештини и етички, човечки и професионални квалитети.




-Директорот и извршниот директор на Академијата со вработените-

## 3. ЕДУКАТОРИ ВО АКАДЕМИЈАТА

Согласно со Законот за Академија, едукаторите се експерти кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука. Во текот на 2008 година, листата на едукатори предложена од директорот, а утврдена со Одлуки на Управниот одбор на Академијата од 2007 година, остана непроменета.



**Едукативниот процес во Академијата непосредно го спроведуваат вкупно 108 едукатори и тоа 58 постојани едукатори, од кои 43 судии и 15 јавни обвинители и 50 повремени едукатори, од кои 5 судии во пензија, 25 универзитетски професори, 4 адвокати и 16 други експерти. Согласно со Правилникот за одделни теми и области беа ангажирани и ад хок експерти (домашни и странски) од разни области.**

- Постојани едукатори:




- Повремени едукатори:




Во насока на реализација на зацртаните активности, Академијата започна постапка на обновување и проширување на листата на постојани едукатори кои ги исполнуваат условите за едукатори предвидени во Законот, Статутот и Правилникот за едукатори и ментори во Академијата.

# III ПОЧЕТНА ОБУКА

## ОСНОВНИ ЦЕЛИ, СТРАТЕГИЈА

Основната цел на Академијата е преку селекција и спроведување на почетната обука за кандидатите за судии и јавни обвинители да обезбеди компетентно, независно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција.

За прв пат во Република Македонија се создава објективен систем при првиот избор на судиите и јавните обвинители, заснован на прецизни и мерливи критериуми за прием и следење на успехот на кандидатите преку перманентно оценување од страна на едукаторите и менторите и полагање на завршен испит.




**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2008 година во Академијата паралелно се реализираше почетна обука за две генерации кандидати за судии и јавни обвинители.**




- Учесниците во почетна обука на час-

## ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА УЧЕСНИЦИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2007/2008 ГОДИНА

### А) Теоретска настава

Во текот на 5-месечната теоретска настава за првата генерација учесници во почетната обука беа спроведени сите планирани и предвидени активности, односно **беа одржани вкупно 660 редовни часови, 99 дополнителни часови и 11 посети на институции. Во дополнителните часови свои излагања имаа вкупно 13 домашни и 14 меѓународни експерти.**

Учесниците беа редовно оценувани преку бодови и подбодови од едукаторите врз основа на тестови, домашни задачи, есеи и активности на часовите, а по завршување на истата беше објавена ранг-листа за постигнатиот успех на кандидатите во теоретската настава.

**Теоретската настава за почетната обука за првата генерација кандидати за судии и јавни обвинители заврши на 16 февруари 2008 година.**

### Б) Практична настава - менторство

Целта на практичната обука е кандидатите, под водство на менторите, да се обучат и професионално да се оспособат за практично извршување на судската, односно обвинителската функција.

**Практичниот дел од почетната обука за првата генерација учесници на почетна обука започна на 25 февруари 2008 година и заедно со полагањето на завршниот испит траеше 10 месеци и се одвиваше согласно со Програмата и Правилникот за практична настава.**

Во однос на практичната обука беше усвоен концептот на регионално менторство, така што истата се спроведе под водство на судиите и јавните обвинители од Основните и Апелационите судови во Скопје, Штип и во Битола и соодветните Основни и Виши јавни обвинителства. Целта на овој концепт **е** преку интерактивниот систем на менторството еден ментор–еден кандидат, да се придонесе за подеднаков развој на капацитетите и ефикасноста на целото правосудство и, во зависност од местото на живеење, кандидатите беа распоредени во трите апелациони подрачја. За секој слушател беше формиран менторски тим со координатор одговорен за организација на практичното обучување на кандидатите.

**За реализирање на практичната настава беа ангажирани вкупно 81 ментор и 17 заменици на ментори од Апелационите подрачја Скопје, Битола и Штип, од кои 29 судии од Апелационите судови, 48 судии од Основните судови, 11 јавни обвинители од Вишите јавни обвинителства и 10 јавни обвинители од Основните јавни обвинителства.**




Согласно со Програмата за почетна обука, менторството се одвиваше на следниот начин:

- 10 недели во Основен суд, во сите оддели од кривичната област
- 10 недели во Основен суд, во сите оддели од граѓанската област
- 2 недели во Апелационен суд, во оддел од кривичната област
- 2 недели во Апелационен суд, во оддел од граѓанска област
- 8 недели во Основно јавно обвинителство
- 4 недели во Вишо јавно обвинителство

Кандидатите беа упатувани на практична работа и во други институции поврзани со судската и обвинителската функција и тоа, во МВР на РМ во Секторот за криминалистичка техника, казнено-поправните домови, Центрите за социјални работи

во Скопје, Битола и во Штип, Царинската управа, Катастарот, Народниот правобранител и други.

Практичната обука се реализираше преку:

- решавање на вистински и хипотетички случаи,
- учество во симулирани случаи,
- изработка на есеи,
- изработка на процесни акти и други писмена



-Учесниците во почетна обука симулираат судење-

**Во текот на практичната обука во сите менторски подрачја учесниците на почетната обука со своите ментори изведоа вкупно 59 симулации на кривични и граѓански судења согласно со претходно изготвен распоред, со архивирани судско-обвинителски предмети.**

Кандидатите беа перманентно оценувани од менторите со бодови и подбодови во менторски дневници, согласно со критериумите во Правилникот за практична обука, а по завршување на истата беше објавена ранг-листа за постигнатиот успех на секој кандидат во практичната настава.

Последниот (десеттиот) месец од практичната обука, кандидатите се подготвуваа за полагање на завршниот испит, со дополнителни активности со менторите на области по свој избор, а Академијата организираше и семинар на кој кандидатите со своите ментори вршеа симулација на завршниот испит и изведоа вкупно 14 симулирани судења, а изготвуваа и обвинителни акти и пресуди.

Од страна на кандидатите и менторите семинарот беше оценет како многу корисен и значаен во насока на проверка на знаењата, сигурноста и искуствата кои се потребни за полагање на завршниот испит, а особено од значење за воедначување на критериумите за оценување на завршниот испит со оглед на различната судско-обвинителска практика во одделните апелациони подрачја.

**Г) Обука на менторите**

Во рамките на континуираната обука беа реализирани и обуки на менторите и тоа:

Академијата за обука на судии и јавни обвинители во соработка со Проектот КАРДС 2004, со експерти од Данска, спроведе семинар на тема „Обука на ментори“ на кој присуствуваа ментори-координатори на менторските тимови од сите Апелациони подрачја.

Во рамките на Проектот за билатерална соработка со Француската амбасада исто така беше реализирана обука на ментори за сите три Апелациони подрачја на која присуствуваа и 27-те кандидати за судии и јавни обвинители.

**Д) Завршен испит**

Во периодот од 1 до 10 декември 2008 година беше спроведен завршниот испит за првата генерација слушатели на почетната обука, која ја спроведе Комисијата за завршен испит, чии членови ги предлагаат Судскиот совет на РМ (4), Советот на јавните обвинители на РМ (2) и на Министерството за правда (1). Членовите предложени од Советите се искусни судии и јавни обвинители практичари од рангот на повисоките судско-обвинителски инстанции.

Целта на полагањето на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители е да се оцени целокупното претходно стекнато теоретско и практично знаење на кандидатите неопходно за извршување на судиската и јавнообвинителската функција.

Полагањето на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители беше фокусирано на практичниот аспект на финалната проверка на кандидатите. Истиот се состоеше од три дела – писмен дел, симулација на судење и устен дел од кривичната и од граѓанската област (проверка на стекнатите знаења и вештини во текот на целата почетна обука од областа на материјалното и процесното законодавство и практика, како и прашања во врска со функционирање и организација на правосудниот систем на РМ, спроведувањето на реформите, етичкиот кодекс и меѓународните стандарди во врска со судско-обвинителската професија

Комисијата по извршеното оценување по спроведената постапка објави ранг-листа од полагањето на завршниот испит. Сите учесници го положија завршниот испит со одлични резултати. Веднаш по објавувањето на конечната ранг-листа, Комисијата ја состави ранг-листата за вкупниот успех на кандидатите, сумирајќи ги бодовите од теоретската, практичната настава и од завршниот испит.

**На ден 12 јануари 2009 година и конечната ранг-листа, согласно со која сите кандидати успешно ја завршија почетната обука и се стекнаа со статус на**

**кандидати за судии и јавни обвинители**.

Конечната ранг-листа согласно со законските прописи е доставена до Судскиот совет на Република Македонија и до Советот на јавните обивнители и министерот за правда на Република Македонија, а кандидатите, согласно со постојните Закон за судовите и Закон за јавно обвинителство, ќе бидат избирани 50% од утврдените слободни обвинителски места во основните јавни обвинителства и 50% од утврдените слободни судиски места во основните судови во наредните три години.

## ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА УЧЕСНИЦИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2008/2009 ГОДИНА

Врз основа на Одлуките на Судскиот совет на РМ и на Јавното обвинителство на РМ, со кои беа утврдени 15 слободни судиски места и 12 слободни јавнообвинителски места, Управниот одбор на Академијата донесе Одлука за распишување на јавен оглас за прием на кандидати за учебната 2008/2009 година, а на ден 26 јуни 2008 година ја конституираше Комисијата за квалификација и прием на кандидати (понатаму Комисијата).

Од вкупно пријавените 56 кандидати, квалификацискиот тест го полагаа вкупно 49, а потоа 34 од нив стекнаа право да полагаат приемен испит. Приемниот испит кој се состоеше од писмен и устен дел го полагаа сите 34 кандидати, од кои 27 кандидати со најголем број бодови беа примени да ја следат програмата за почетна обука во академската 2008/2009 година.

На квалификацискиот тест и приемниот испит, со прашања се проверуваат претходно стекнатите теоретски знаења на кандидатите од основните правни области, како и меѓународно право и право на ЕУ, странски јазик, а со задавање на практични проблеми и пишување на одлуки од кривичната и граѓанската област и способноста за логичко толкување и практична примена на прописите.

**Сите кандидати на приемниот испит го поминаа прагот од 70% од максимумот од 100 бодови што претставува 100% минливост на испитот.**

Заради подготовка за полагање на приемниот испит и спроведување на начелото на правична и соодветна застапеност за другите заедници во РМ, Академијата во три наврати спроведе дводневна подготвителна настава за пријавените кандидати со симулација на испитот.

Дизајнирањето на Програмата и Правилникот за почетна обука беа фокусирани кон практичниот аспект во обуката преку зајакнување на составот на едукаторските тимови со искусни практичари и преку стриктната обврска на едукаторот да го реализира часот во сооднос 50:50 на теоретски и практичен дел, со анализа на практични случаи, изработка на одлуки и други процесни акти, како и посети на институции поврзани со правосудството.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНАТА ОБУКА ЗА ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА

Втората генерација слушатели започна да ја следи почетната обука во Академијата на 15 септември 2008 година.

Согласно со Програмата за почетна обука во Академијата за теоретската настава, предвидени се вкупно 720 часови, кои се реализираат преку предавања, дебати, дискусии, анализа на практични случаи и други форми на обука и врз основа на однапред објавен целосен распоред на часови.

Во рамките на теоретската настава, **во периодот од 15 септември до 31 декември 2008 година беа одржани вкупно 542 часа, од кои 524 редовни и 18 дополнителни часа и беа остварени 4 посети на институции.**




За реализирање на теоретската настава во почетната обука беа ангажирани **вкупно 45 едукатори со следната структура:**




Оправданоста од волкав број едукатори се наметнува поради околноста што академијата нема full time едукатори и поради разновидноста и богатата наставна содржина на предмети не само од правни области, туку и комплементарни вештини за

создавање профил на судии и јавни обвинители од нов вид - не само добри практичари по право, туку да станат личности open minded и свесни за социјалната средина во која ги носат своите одлуки.

Обуката се одвиваше без прекини и застој согласно со однапред изготвениот и објавен детален распоред на часови, секојдневно од понеделник до петок и тоа, редовните часови во периодот од 8,30 часот до 15,05 часот и дополнителни часови по потреба. Редовноста, активностите, оценувањето на учесниците се евидентира секојдневно во евидентниот дневник, кој го водат сите едукатори.

Од вкупно 524 одржани часови, во рамките на редовната настава по секој предмет одделно беа одржани вкупно часови како што следи:




Во рамките на дополнителната настава, свои предавања имаа **5 домашни и 10 странски експерти.**




Како дополнителна активност на учесниците земено е предвид и нивното учество на семинари, а беа реализирани и четири посети на институции од страна на кандидатите.

### СТРУКТУРА НА ЕДУКАТОРИТЕ ВО ПОЧЕТНА ОБУКА

**Само 4% од вкупниот број едукатори кои се ангажирани во почетната обука на кандидатите се експерти теоретичари, додека останатиот дел се судии, обвинители, експерти од други институции, како на пример од Министерството за внатрешни работи, Судска медицина, Министерството за правда, Комора на извршители и слично. Од вкупно 720 часа во теоретската настава во почетна обука, теоретичарите се застапени со 78 часа или со 10,83% од вкупниот број часови во почетна обука, додека останатиот дел од часовите ги изведуваат практичари.**

### ВКУПЕН СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНА ОБУКА

**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2008 година, наставата во почетната обука за двете генерации кандидати е реализирана 100% согласно со распоредот на часови за теоретска настава и плус дополнителни часови согласно со потребите на учесниците кои ја посетуваат наставата, како и согласно со распоредот за практична настава.**

## IV. ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

### ЦЕЛИ НА ОБУКАТА И ЦЕЛНИ ГРУПИ

Согласно со Законот за Академија, Академијата спроведува постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и други целни групи детално наведени во Законот.

Правото и обврската на постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се остварува во Академијата во зависност од нивниот стаж, согласно со член 43 од Законот, и тоа како следи




## КОНЦЕПЦИЈА И ЦЕЛИ

Согласно со Законот за Академијата, со усвојувањето и објавувањето на Рамковна двогодишна програма за обука се воведува структуирана, детално планирана, континуирана обука на судиите и јавните обвинители, која се реализира понатаму преку изготвување и објавување на годишен календар и квартални календари на активностите.

Целта на реализирање на Програмата за постојана обука е одржување и проширување не само на правните знаења и способноста за практична примена на законите од страна на судиите и јавните обвинители, туку и развивање на нивните комплементарни вештини, потребни за вршење на судско-обвинителската функција, оспособување за примена на меѓународното право и право на ЕУ и практика што во поширока смисла ќе придонесе кон зајакнување на независноста на судството и самостојноста на обвинителството. Крајна цел на Програмата е создавање модерно транспарентно и ефикасно правосудство и негова подготовка за интеграција во европското поле на правдата и оспособување на судиите и обвинителите за процес на доживотно учење.

Академијата спроведува континуирана обука за следните целни групи:




## ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Согласно со член 122 од Статутот на Академијата, Програмата се изготвува врз основа на претходно анкетирање и анализа на потребите за обука на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата, преку консултирање на мислења на институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, Правните факултети, професионалните комори и другите релевантни правосудни институции и организации, сумираните евалуации на учесниците на секоја обука и на едукаторите кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука, извештаите за работа на судовите, Судскиот совет на РМ, како и компаративни искуства.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

Во текот на 2008 година во рамките на постојаното стручно усовршување Академијата ги спроведе сите општи и специјализирани програми планирани и усвоени од Управниот одбор, и тоа за судиите на новоформираниот Апелациски суд Гостивар, за 70 новоизбрани судии и новоименувани јавни обвинители за 2008 година, за новоформираните прекршочни комисии, за судиите на Управен суд за 2008/2009 година, кои понатаму се реализираа преку усвојување на годишниот и на деталните тримесечни календари за обука за 2008 година.



-Семинар од континуирана обука-

## ЕДУКАТОРИ

Во реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување во 2008 година беа поканети **вкупно 273 едукатори со следната структура:**






## ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

За усовршување на стручните знаења и вештини на домашните едукатори, беа реализирани две студиски патувања, како и еден петдневен семинар за обука на обучувачи во организација на Академијата и Проектот КАРДС.

## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Општите и специјализираните програми за постојано стручно усовршување се реализираа преку организирање семинари, работилници, конференции и тркалезни маси со примена на современи техники и наставни методи, како што се презентации во пауер поинт, студија на случаи од домашната и меѓународната практика, дискусии, кратки тестови со прашања со следната содржина:

➢ Општи теми и практични искуства во примена на законските решенија:

- новини во материјалното и процесно законодавство од основните области на правото (кривично, граѓанско, трговско);

Специјализирани програми со следната содржина

- борба против организиран криминал и корупција, перење пари, финансиски криминал, трговија со луѓе, дрога, компјутерски криминал,
- финансиски криминал, перење пари, кривични дела во врска со стечај и берза,
- семејно насилство,
- малолетничка правда,
- заштита на лични податоци, пристап до јавни информации,
- стечај, хартии од вредност,
- корпоративно управување,
- обуки со извршители, нотари и медијатори,
- индустриска сопственост,
- алтернативно решавање на спорови и медијација,
- обука за други комплементарни вештини: правно истражување, раководење со време и предмети, етика, комуникациски вештини, односи со јавноста и медиумите,

- изучување на одделните членови од ЕКЧП со соодветната практика на домашните судови, како и компаративна практика на други држави и на ЕСЧП и на другите меѓународни судови со цел правилна примена на меѓународните стандарди за правично судење во разумен рок;

- Менаџирање со буџетот, подготвување инвестициски програми;

- Модулите за општите и посебните области на меѓународно право и правото на ЕУ (соработка во кривичната и граѓанска област, заштита на животната средина, меѓународно јавно право, внатрешен пазар на ЕУ, интелектуална сопственост, европски патентен систем, алтернативно решавање спорови и медијација и др.);

- Странски јазици (француски - напреден курс).

**УСВОЕНА И ОБЈАВЕНА РАМКОВНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ 2009-2010**

Согласно со усвоената програма за 2009-2010 ќе продолжи обуката од областа на горенаведените актуелни теми и области од значење за примена на материјалните и процесни закони, а особено измените во националното и меѓународното законодавство и практика.

Посебен акцент ќе биде даден на обуката за Измените на кривичното законодавство, особено новата улога на јавниот обвинител во текот на преткривичната постапка и судечкиот судија во текот на постапката, а по нивното конечно усвојување.

**ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ**

Во текот на 2008 година, Академијата продолжи со децентрализирано одржување на обуките, по Апелационите подрачја поради бројноста на целните групи, намалување на трошоците за патување и ноќевање, ефикасно користење на работното време, како и одржување на обуките во работна атмосфера на судовите, што е широко прифатено од судиите и јавните обвинители.

Концепцијата на регионалниот пристап на спроведување на обуките е рамномерно јакнење на капацитетите и унапредување на знаењата и вештините на носителите на правосудните функции во РМ.

**ЕВИДЕНЦИЈА**

За бројот на задолжителните часови согласно со Законот за Академија, поминати на постојано стручно усовршување, Академијата им издава потврди на судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда кои вршат работи од областа на правосудството, и тие податоци ги доставува до Судскиот совет на РМ, Советот на јавни обвинители и министерот за правда. Истовремено, Академијата ги признава и часовите поминати на обука организирани во соработка со други организатори, доколку тоа е однапред договорено помеѓу односните субјекти.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБУКИТЕ**

Академијата ја реализираше Програмата за постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите од сопствени средства предвидени во Буџетот за 2008 година, а

за реализација на дел од Програмата финансиски средства се обезбедија преку проекти од меѓународни организации.

**Најзначајни проекти реализирани во текот на 2008 година се:**

- Проектот КАРДС 2004 „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза", која техничка помош се реализираше преку трите сегменти и тоа нормативна, помош при изготвување и спроведување на програми за обука, при изготвување на квалификациски тест, приемен и завршен испит; при организирање обуки со учество на експерти на ЕУ; поддршка на институционалниот развој на Академијата и обезбедување на нејзината одржливост со експерти за буџет, ИТ, евалуација на работењето;

- Проект за билатерална македонско–француска соработка во областа на обука на правосудството, финансиран од Владата на Р. Франција, а во организација на Амбасадата на Р. Франција во Р. Македонија преку мисијата на францускиот експерт г. Доминик Дуран (Dominique Durand), јавен обвинител за финансиски криминал, во рамки на која се реализираат повеќе сегменти на соработка (обуки и студиски престои за судиите на Управниот суд на РМ во Франција, на обучувачите и менторите на Академијата со експерти од Франција, курсеви по француски јазик);

- Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје (Оддел за владеење на правото), „Правото на судење во разумен рок" кој опфати сегмент на обуки главно на судиите на Врховниот суд на РМ за тужбите за судење во разумен рок, подигање на јавната свест за улогата и дејноста на Академијата и привлекување на завршените правници за судско-обвинителската професија;

- Совет на Европа – обуки за примена на одделни членови од ЕКЧП;

- Проекти со Германска фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) – обуки и студиски посети за судиите на Управниот суд, обуки за економски криминал, владеење на правото во јавната админстрација;

- Светска банка – семинари за прекршочна постапка;

- УНИЦЕФ – семинари од областа на малолетничката правда;

- УНХЦР - обуки за азил и миграција;

- УСАИД – обуки за Законот за стечај, Закон за трговско право, управување со предмети, етика, односи со јавност и медиуми, судско администрирање;

- УСАИД/ЈРИП – обука на судска администрација;

- УСАИД/Државна комисија за спречување на корупција – обуки за борба против корупција и конфликт на интереси;

- Твининг-проект со Италија за борба против организираниот криминал и корупцијата, во поглед на обуки за борба против организиран криминал и корупција, трговија со луѓе, специјални истражни техники, финансиски криминал, перење пари;

- Твининг-проект со Шпанија „Зајакнување на капацитетите за спречување на перење пари – фаза 2", обуки за борба против финансирање тероризам, даноци, надворешна трговија, царина, криумчарење, перење пари, посебни истражни техники;

➢ ГТЗ - обуки на тема помош при хармонизација на законодавството од областа на стопанското работење со законодавството на ЕУ;

➢ Амбасада на САД во РМ/Програма ОПДАТ– Канцеларија за развој, помош и обука на јавни обвинителства при Министерството за правда на САД, преку организирање семинари во соработка со Здруженијата на судии и јавни обвинители и за кривично право и криминологија;

➢ ФОРУМ - Центар за стратегиски развој – обуки за членот 10 од ЕКЧП.

**СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ**

**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2008 година, во организација на Академијата или во соработка со други организации одржани се вкупно**




Со ваков степен на реализација на планираните обуки се постигна исклучителен резултат во исполнување на законскиот минимум на обука за секој судија и јавен обвинител во Република Македонија (85% го достигнале законскиот минимум).

Со одржаните обуки во текот на 2008 година во целост беше исцрпен Годишниот календар за обуки за 2008 година, како и усвоената Рамковна програма за постојано

стручно усовршување на судиите и јавните обвинители 2007-2009 година по теми и содржини.

## V. ДОМАШНА СОРАБОТКА

Во национални рамки продолжува интензивна и плодна соработка на полето на организирање обуки со професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители, со Правните факултети со кои се остварува размена на домашни и странски експерти, книги, публикации, а особено продлабочување на соработката на полето на привлекување и регрутирање на дипломираните правници во Академијата, подготовка на кандидати од другите заедници, како и со останатите државни органи и институции во чии работни групи активно се вклучени, со кои се остварува исполнување на обврските за обука според НПАА на Владата на РМ. Значајна е соработката на овој план со невладиниот сектор и тоа особено на темите од областа на малолетничката правда, семејното насилство, сексуалната злоупотреба на децата, заштитата на жртвите на организираниот криминал, посебно трговијата со луѓе. Новина претставува отпочнувањето на заеднички обуки со нотарите, извршителите и медијаторите и други целни групи од значење за проширување на знаењата на судиите и јавните обвинители.

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### МЕЃУНАРОДНИ НОМИНАЦИИ

Академијата, од страна на министерот за правда на РМ, г. Михајло Маневски, со оглед на постигнатите резултати во организирањето на почетната обука и континуираната едукација на судиите и јавните обвинители, беше номинирана и учествуваше на натпреварот за добивање на наградата „Crystal scales of justice“ востановена во рамките на Советот на Европа и Европската Комисија, која претставува признание за иновативните практики што придонесуваат за квалитетот во областа на правдата.

### СТУДИСКИ ПАТУВАЊА

Академијата продолжува да остварува интензивна меѓународна соработка на билатерален и на мултилатерален план преку организирање на студиски посети и размени на судиите, јавните обвинители, органите на Академијата, и претставниците на другите правосудни органи, Судскиот совет на РМ, Управниот суд на РМ, како и прием на посети на претставници на правосудствата и Академиите за судии и обвинители на другите држави на Балканот и Европа.

Во текот на 2008 година, Академијата реализираше студиски посети и престои како што следи:




**СОРАБОТКАТА СО EJTH**

Особено значајна е соработката со Европската мрежа за судска обука (EJTH). Имено, Академијата од стекнувањето на статус на набљудувач во оваа мрежа активно е вклучена во сите нејзини активности и програми. Академијата понуди свои обуки кои беа вклучени во Каталогот на обуки на EJTH за 2009 година, при што им се дава можност на судиите и јавните обвинители од сите европски држави да учествуваат на истите. Исто така, во текот на 2008 година Академијата беше вклучена и во Програмата за размена, при што во реализацијата на истата учествуваа вкупно 6 судии и јавни обвинители и кандидати од првата генерација на почетна обука и 1 едукатор. Во рамките на Програмата за размена, Академијата беше и домаќин на вкупно 6 учесници и тоа 5 јавни обвинители од Белгија, Латвија и Шпанија и 1 едукатор од Естонија.

Академијата е член на работната група за развој на современи ИТ и учење на далечина при мрежата EJTH.

**СОРАБОТКАТА СО ЛИСАБОНСКАТА МРЕЖА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

Исто така, Академијата е членка и на Европската мрежа за размена на информации помеѓу лицата и субјектите одговорни за обука на судиите и јавните обвинители (Лисабонска мрежа), која е воспоставена и функционира во рамки на Советот на Европа.

Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, како членка на Лисабонската мрежа на Советот на Европа, активно учествува во работата на Програмата ХЕЛП за дизајнирање на обуки за одделните членови од ЕКЧП. Од особено значење во рамките на оваа Програма е пилот-обуката за далечинско учење, која ја организираше Академијата за судиите, јавните обвинители и кандидатите од почетна обука, а беше обезбеден и соодветен пристап до вебстраницата на Програмата ХЕЛП за двете генерации кандидати од почетна обука, како и за едукаторите и менторите.

Во октомври 2008 година, Академијата стана една од петте членки на Бирото на Лисабонската мрежа, со мандат од две години. Бирото има статус на извршно тело меѓу годишните пленарни сесии на најголемата мрежа на институции задолжени за едукација на судии и обвинители во Европа.

Академијата остварува интензивна соработка со Националниот институт за магистрати на Република Романија. Имено, тројца кандидати од првата генерација и еден нивни ментор учествуваа на третото издание на **THEMIS - Меѓународното натпреварување во почетна обука**, кое се одржа во **Букурешт** во периодот **од 22 до 26 септември 2008 година, во организација на овој Институт,** Советот на Европа и на Лисабонската мрежа.

Исто така, 10 кандидати од првата генерација на почетна обука во ноември 2008 година беа на студентска размена во овој Институт, каде имаа можност да разменат искуства со своите тамошни колеги во делот на почетната обука и остварија посети во Апелациониот суд во Букурешт, Високиот совет на магистрати, како и во Министерството за правда и во Министертсвото за надворешни работи.

**ОФИЦИЈАЛНИ ПРИЕМИ НА ДЕЛЕГАЦИИ**

Во текот на 2008 година, Академијата прими повеќе официјални делегации:

- г. Франко Фратини, потпретседател на Европската комисија и Комесар за правда, слобода и безбедност, а во рамки на оваа посета, во соработка со Министерството за правда, беше одржана тркалезна маса на тема Борба против организиран криминал



-Директорот на Академијата со г. Франко Фратини, Н.Е. Ерван Фуере и министерот за правда за време на посетата на г. Фратини на Академијата -

- во рамките на Проектот за билатерална македонско–француска соработка во областа на обука на правосудството, во организација на Академијата, во текот на 2008 година беше остварена посета на Академијата, Правниот факултет во Скопје и другите правосудни органи од страна на 5 високи претставници на Управните, Апелационите судови и Националната школа за магистрати на Франција;

- заменикот претседател и членовите на Високиот судско–обвинителски совет на Босна и Херцеговина со кои се организираше тркалезна маса на тема „Улогата на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители во заштитата на независноста на судиите и управување со судството, домашни и странски искуства“;

- со членовите на правосудни институции на РМ и Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Македонија;

- во текот на 2008 година Академијата ја посетија делегации од Правосудниот центар на Р. Србија и Р. Косово, предводени од нивните директори кои започнуваат со проектот за креирање почетна обука и во таа смисла, користење на нашите искуства како институција, која, прва од бившите југословенски републики воведува ваков нов вид Школи за судии и јавни обвинители, како нов начин на селектирање и избор на идните судии и јавни обвинители.

**АКТИВНОСТИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во насока на креирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) за 2009-2011 година, Академијата до Министерството за правда достави предлози за менување на НПАА, во правец на усогласување на Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители со сите други закони од областа на правосудството, динамиката на зајакнување на институционалните капацитети: кадровски, просторни и технички, остварување на меѓународната соработка, планирање на меѓународната поддршка, како и средствата потребни за нивната реализација, како и предлог за просторно проширување.

## VII. ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДДЕЛНИ СЕГМЕНТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

### ПОЧЕТНА ОБУКА

Учесниците во двете генерации на почетната обука вршат редовни месечни евалуации во поглед на сите компоненти во врска со организирањето на наставата од страна на Академијата, на едукаторите и на менторите.

По повод овие евалуации, директорот и извршниот директор на Академијата одржуваа состаноци со одделните едукатори и ментори и со претставници на учесниците на почетната обука со цел за подобрување на наставата и оценувањето.

### КОНТИНУИРАНА ОБУКА

По завршување на секоја обука, учесниците пополнуваа евалуационен прашалник според кој оценуваа повеќе сегменти на обуката, како организација, подготвеност, стручност на едукаторите, достапност и корисност на материјалите за обука итн. Овие оценки и забелешки понатаму се земаат како основа за планирање на содржината на

идните обуки согласно со искажаните потреби, како и за унапредување на едукаторските способности и развивање на нивните наставни вештини.

## ОЦЕНСКА МИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Во текот на 2008 реализирана е **оценска мисија на Европската комисија за** прогресот постигнат во реформите на правосудството. Во извештајот позитивно беше оценето функционирањето на Академијата, а некои од содржаните препораки беа во краток рок реализирани од Академијата (подобрување на анонимноста, а со тоа и објективноста на приемниот испит, непроширување на листата за прием на кандидати со воведување квота, зголемување на практичните часови, вклучување на нотари, извршители и медијатори во обуките и др.).

## НАДВОРЕШНА ОЦЕНКА НА СТРАНСКИ ЕСКПЕРТИ

Во рамките на Проектот КАРДС 2004 беше изготвена евалуација на работата на Академијата. Коментарите и препораките се однесуваа на: потреба од посоодветни простории за сместување на Академијата, промовирање на пријавување за обуки преку вебстраницата, користење единствен софтвер за евиденција и за библиотеката, пристап до електронските библиотеки, специјализација на почетната обука по завршување на теоретската настава.

Голем дел од овие препораки веќе се спроведуваат и ќе се реализираат особено со воведување на новиот софтвер кој е веќе изготвен и ќе биде наскоро имплементиран, а за реализирање на другите, е потребно да се извршат законски и подзаконски интервенции.

## VIII. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку својата вебстраница www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и преку објавувањето на актите на своето работење во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се на вебстраницата на Академијата, како што се актите, организацискиот состав, програмите за обука, календарите, а исто така за позначајните настани доставува прес-извештаи до медиумите во РМ, објавува интервјуа во истите и слично.